

# Топ причини да користите Vault

## Autodesk Vault им помага на инженерите, дизајнерите и проширените тимови да ја подобрат соработката и да го забрзаат развојот на производот.

Vault менаџерите дизајнираат податочни и инженерски процеси во еден централен систем, и со тоа и помагаат на организацијата да заштеди време, да спречи скапи грешки и ефикасно да ги ревидира и објавува дизајните.

### 01. CAD интеграција

Работете без прекин со беспрекорната интеграција помеѓу управувањето на податоците со Vault и вашите дизајнирачки алатки како што се Autodesk Inventor и AutoCAD, вклучувајќи ги Electrical и Mechanical алатките. CAD интеграцијата овозможува лесно да се менаџираат податоците поврзани со вашиот дизајн, од фаза на инженеринг до производство, заштедувајќи време и одржувајќи ја точноста на податоците.

### 02. Управување и следење на ревизиите

Vault се грижи секој да работи со најновите информации во систем што автоматски ги следи промените и ја снима целокупната историја на вашите дизајни со задржување на старите фајл верзии.

### 03. Побрзо пронаоѓање на податоците

Најдете што ви треба и кога ви треба со напредните интелигентни опции за пребарување. Искористете ги фајловите повторно и намалете ја потребата за повторно создавање дизајни од нула. Идентификувајте и елиминирајте го дуплирањето на деловите користејќи геометриско пребарување и подобрете ја продуктивноста низ вашата организација. Користењето на Vault помага значително да се намали времето потребно за наоѓање информации, така што ќе можете да поминувате повеќе време во дизајнирање и помалку време во пребарување податоци.

### 04. Автоматизирајте ги процесите на објавување и промени

Мануелните процеси на објавување и промени, може да доведат до одложување на дизајн проектот и грешки во самото производство. Vault Professional им дава на дизајнерските тимови избор за стандардни или конфигурабилни процеси за објавување, и менаџирање на инженерскиот редослед на измени, со цел да се избегнат скапи грешки и да се отстранат тесните грла.

### 05. Брзо копирање и повторно искористување на податоците

Прекинете мануелно да создавате повторно комплексни модели и сетови на цртежи, и заштедете време за дизајнирање. Со користењето на Vault data management софтверот, можете да го копирате дизајнот, вклучувајќи ги сите поврзани фајлови и документација и да го употребите во новиот дизајн. Лесно е да ги конфигурирате фајловите што сакате да ги замените, повторно да ги користите, или копирате.

### 06. Истовремено дизајнирање и тимска соработка

Податоците за производот во единствен систем овозможуваат меѓуфункционалните тимови да дизајнираат истовремено, без презапишување на фајловите, за разлика од споделувањето на информациите за производот преку мејл, табеларни пресметки и други изолирани, мануелни методи што доведуваат до губење и дуплирање на податоците. Членовите на тимот го проверуваат дизајнот пред да направат модификации, а потоа го проверуваат повторно

AUTODESK

Autodesk and the Autodesk Logo are registered trademarks of Autodesk, Inc., and/or its subsidiaries and/or affiliates in the USA and/or other countries. All other brand names, product names, or trademarks belong to their respective holders. Autodesk reserves the right to alter product and services offerings, and specifications and pricing at any time without notice, and is not responsible for typographical or graphical errors that may appear in this document. © 2024 Autodesk, Inc. All rights reserved.



# Топ причини да користите Vault

кога ќе завршат. Со заедничката работа, можете подобро да ги балансирате ресурсите, да ги забрзате проектите до нивно комплетирање и да ги реализирате кратките рокови.

## 07. Едноставно управување и конфигурирање

Интуитивните алатки за администрација на Vault го олеснуваат управувањето со серверот. Со централизирана контрола, администраторите лесно можат да ги распоредат најбитните конфигурациски поставки како што се мрежниот приказ, зачувани пребарувања и кратенки. Дополнително, нашите алатки овозможуваат лесно да се менаџираат и дистрибуираат податоците за дизајнот и шаблоните од Inventor директно од Vault до корисниците.

## 08. Стремете се кон стандардизација

Vault обезбедува прилагодливи алатки за Vault администраторите, со цел да им помогне во примената на организациски стандарди при креирањето на податоци, преглед, и објавување на процесите, како и во примената на индустриски стандарди како што е ISO 9000 и RoHS.

## 09. Креирање на инженерски пресметки на материјали

Креирајте инженерска пресметка на материјали кои потекнуваат од податоците од CAD дизајн со цел ефикасно да се следи и комуницира меѓу одделите за деталите како производот е функционално дизајниран.

## 10. Контролирајте го пристапот на податоци

Овозможува зајакнување на сигурноста на вашите податоци со поставување на пермисии што контролираат до кои податоци луѓето ќе имаат пристап и ќе едитираат, во зависност од нивната улога и на кои проекти учествуваат.

## 11. Клауд и соработка од далечина

Останете поврзани и продуктивни каде и да треба да работите. Пристапете до Vault податоците безбедно, без потреба од VPN конекција, со примена на Vault клиент, и мобилна апликација со Vault Gateway. Исто така, може да користите Autodesk Fusion Team со Project Sync функционалноста во Vault Professional, за да соработувате со клиенти, добавувачи и други надворешни засегнати страни поврзани со вашиот проект, во една безбедна клауд базирана работна средина.

## 12. Забрзајте ги прегледите на дизајнот од далечина

Споделете визуелни прикази на вашите дизајни користејќи ја веб-базираната алатка, Autodesk Shared Views, вклучена во Vault Professional. Рецензентите можат да ги видат вашите дизајни на нивниот веб-прелистувач и да зумираат, мерат, маркираат со црвено, означуваат и да ги праќаат нивните повратни коментари до вас.

## 13. Проширување на повеќе локации и на вашите бизнис потреби

Функционалноста на повеќе локации, достапна со Vault Professional, им овозможува на компаниите да ги синхронизираат дизајн податоците меѓу дистрибуираните работни групи, проширувајќи го протегањето на дизајнот низ локации, географски области и низ целата организација.

AUTODESK

Autodesk and the Autodesk Logo are registered trademarks of Autodesk, Inc., and/or its subsidiaries and/or affiliates in the USA and/or other countries. All other brand names, product names, or trademarks belong to their respective holders. Autodesk reserves the right to alter product and services offerings, and specifications and pricing at any time without notice, and is not responsible for typographical or graphical errors that may appear in this document. © 2024 Autodesk, Inc. All rights reserved.